# 4 ЧЕКОРИ ЗА ПРВА ПОМОШ ПРИ НАПАД НА АСТМА



1

Седнете го лицето исправено



2

Дајте **4** поединечни прснувања од синиот или сивиот спреј (puffer)

- **Протресете го** спрејот
- Прснете **еднаш** во пластичниот „балон“ (spacer)
- **Вдишете 4 пати** од „балонот“

Повторувајте додека не се вдишат **4 прснувања**

Запомнете: **протресете, 1 прснување, 4 вдишувања**

ИЛИ дајте 2 одвоени дози на спрејот Bricanyl (на возраст од 6 години или постари) или Symbicort (постари од 12)




3

Почекајте **4** минути

Ако нема подобрување, дајте **уште 4 поединечни прснувања од синиот или сивиот спреј** како што е погоре опишано

ИЛИ дајте уште 1 доза на спрејот Bricanyl или Symbicort




4

Ако и натаму нема подобрување, телефонирајте на Три Нули (000) да дојде Брза помош (ambulance)

Продолжете да давате 4 одвоени прснувања секои 4 минути додека не дојде Брза помош

ИЛИ 1 доза Bricanyl или Symbicort секои 4 минути – до уште 3 дози на Symbicort

Веднаш побарајте итна помош. Телефонирајте на Три Нули (000):

- Ако лицето не дише.
- Ако астмата на лицето нагло се влоши или нема подобрување.
- Ако лицето има напад на астма, а лек не е при рака.
- Ако не сте сигурни дали се работи за астма.
- Ако се знае дека лицето има анафилакса – применете го неговиот план за акција при анафилакса, а потоа укажете му прва помош при астма. Малку е веројатно дека синиот или сивиот спреј ќе му наштети, дури и ако лицето нема астма.

Заштитете се во текот на оваа сезона на полен.
Важно е да се контролираат астмата и алергиите.
За повеќе информации видете на betterhealth.vic.gov.au или телефонирајте на 1800 ASTHMA (1800 278 462).

Одобрила и објавила Владата на Викторија, 1 Treasury Place, Melbourne (1708025).
© Држава Викторија (Department of Health and Human Services).
Освен логото, овластено со CC BY International 4.0 лиценца..

ASTHMA AUSTRALIA

VICTORIA State Government